## ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА

## ЕЛЕКТРОНСКОТО БАНКАРСТВО НА ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ

### КОРИСТЕЊЕ НА ЛОЗИНКА

Откако ќе аплицирате за користење на услугите за е-банкарство, Штедилницата ќе Ви додели еднократна лозинка преку Вашата интернет-адреса. По првичната најава, потребно е лозинката веднаш да ја замените со своја. Препорачливо е лозинката да биде комплексна, односно во својата содржина да има најмалку 8 карактери – (бројки, букви и специјални знаци). Направете ја новата лозинка комплексна, а воедно и за Вас лесна за помнење. На тој начин, доколку сте мета на напад , комплексноста на лозинката ќе го оневозможи до одредена мера или во најмала рака ќе го забави навлегувањето во Вашата корисничка сметка.
Важноста на еднократната лозинка е 24 часа, по што истата ќе стане неактивна. По истекувањето на важноста на еднократната лозинка, за да може повторно да Ви се додели нова еднократна лозинка, потребно е да се јавите во Можности од каде што ќе добиете јасни насоки како да постапите.

За лозинки никогаш не го користете Вашето име, презиме или името на Вашите блиски, иницијалите, датумот на раѓање или вообичаени фрази или зборови што се лесни за погодување.

Препорачливо е повремено да ја менувате Вашата лозинка. Доколку се сомневате дека некој околу Вас дошол на каков било начин до Вашата лозинка, сменете ја што поскоро.

Вашата лозинка нека биде уникатна и употребувајте ја само за користење на овој сервис, односно не ја користете истата што ја користите и за останатите мрежи – е-пошта, социјални мрежи, интернет портали, форуми и сл. Не ја чувајте Вашата лозинка запишана на хартија на јавно место, во паричникот, во именикот на мобилниот телефон или кој било друг дел од Вашите лични работи, туку обидете се да ја запомните.

Доколку сте најавени во *е-банкинг* никогаш не го оставајте Вашиот компјутер вклучен. Доколку тоа го сторите на место каде што фреквентно поминуваат и други лица, на потенцијалниот измамник сте му ги оставиле сите врати отворени за пристап до Вашите финансиски информации.

Во услови кога привремено го напуштате Вашиот компјутер, задолжително направете негово заклучување (*lock workstation*). Имајте го предвид фактот дека *е-банкинг* апликацијата автоматски ќе ја одјави Вашата сесија дури откако ќе поминат 15 – 20 минути на неактивност.

### ЗАШТИТА НА КОМПЈУТЕРОТ ОД КОЈ ШТО ПРИСТАПУВАТЕ

Бидете сигурни дека Вашиот компјутер или компјутерот од којшто пристапувате на системот за е-банкарство на Штедилница Можности има претходно инсталирано соодветен софтвер за заштита како што се антивирус, огнен ѕид, антиспам и сл. Потребно е редовно (на дневно ниво) да ги

ажурирате (*update*) ваквите системи за превенција инсталирани на Вашиот компјутер со најновите сигурносни надградби понудени од производителот. Редовно вршете инсталација на сигурносните закрпи на Вашиот оперативен систем, со тоа ќе се заштитите од негово компромитирање.

## НАЧИН НА ПРИСТАПУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА Е-БАНКАРСТВО

При пристапување на системот на е-банкарство на Штедилница Можности, користете го исклучиво својот компјутер, мобилен телефон, таблет. Не користете најавување од интернет кафетерии, библиотеки, туѓи телефони или таблети и слично и не користете го системот со најавување преку непроверена *WI-FI* мрежа.

Не користете бесплатна *Hot Spot* мрежа што може да се најде во шопинг центри, аеродроми, кафетерии и сл.

Секогаш постои отворена можност компјутерот што не е во Ваша сопственост да биде заразен со извесен малициозен код. Доколку се одлучите да користите компјутер што не е Ваш, тогаш по завршувањето на активноста задолжително избришете ја кеш меморијата на интернет пребарувачот и затворете ја апликацијата.

За пристап до електронското банкарство користете ја официјалната веб-страница на Штедилница Можности и притоа осигурете се дека користите *https* протокол којшто можете да го видите во *URL* лентата во Вашиот интернет пребарувач (пр. https://www.e-click.moznosti.com.mk).
***Е-банкинг*** пристап преку линкови добиени по електронска пошта или изложени на трети сајтови независно дали се работи за интернет весници, социјални сајтови (*Facebook, Linkedin, Instagram, Twitter* итн.), блогови и сл., во основа го носат ризикот да завршите во мрежата на измамниците и да станете жртва на кражба на Вашиот дигитален идентитет.
По завршувањето на активноста на е-банкарство, секогаш задолжително одјавете се и не оставајте системот сам да Ве одјави. Користете ***Log off***, односно затворете ја сесијата и на тој начин ќе оневозможите пристап на каква било евентуална злоупотреба на злонамерен код.

## Е-МАИЛ ПОРАКИ И КОНТАКТ СО ШТЕДИЛНИЦАТА

Согласно политиката на Штедилницата, таа никогаш нема да Ви испрати порака на е-пошта преку којашто ќе побара да доставите податоци за Вашето корисничко име и лозинка од системот за *е-банкинг*. Во случај на ваква е-порака или порака со сомнителна содржина, веднаш обратете се до службите на Штедилницата преку јавно достапните телефонски броеви од каде што ќе Ви дадат дополнителни насоки.

Доколку добиете телефонски повик од Штедилницата, вработените никогаш нема да Ви ја побараат Вашата лозинка за пристап во *е-банкинг*. Доколку се сомневате дека повикот е од Штедилницата,

веднаш прекинете го таквиот повик и воспоставете го повикот преку јавно достапните телефонски броеви од телефонски именик или корпоративната веб-страница.

**СЛЕДЕЊЕ НА ВАШИТЕ СМЕТКИ**

Со отворање на кориснички профил на електронското банкарство на Штедилница Можности, Вие сте во можност редовно и ажурно да ги следите Вашите кредитни и штедни сметки.

Доколку забележите некоја промена што не сте ја направиле, макар била на сосем мал износ, веднаш контактирајте ја Штедилницата за подетални информации.

Системот на електронско банкарство на Штедилница Можности е сигурна средина за користење и пристапување сѐ додека се придржувате до препораките наведени погоре.